РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-688/2

01-07-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-вата седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-688/1 од 03.02.2022 година, против компанијата ------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-688 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 03.02.2022 година, поднесена е пријава против компанијата ---------------- и оформен е предмет број 12-688 од 2022 година.

Во пријавата подносителот укажува на одредени состојби во компанијата Синцеритас кои биле поврзани со издавањето на сертификатот за почитување на начелата на добра производна пракса.

Пријавата е доставена електронски, при што истата е адресирана до Агенцијата за лекови и медицински средства Малмед, а на запознавање истата е доставена до ДКСК и до Министерството за здравство.

Пријавителот бара од Малмед да не биде издаден наведениот сертификат на компанијата -------------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно друг орган е надлежен да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**